утрински Весник
Број 1465 Четврток, 06 Мај 2004



Креирано со nextsense WebBuilder
nextsense hosting solutions hosting partner Кога ти треба ИНТЕРНЕТ
nextsense ЕДУКАЦИЈА Краен рок: 21.05.2004

КУЛТУРА

### Нова галерија во Старата скопска Чаршија

# Куршумли ан полека ги открива своите одаи

**Впечатлив мал простор за ликовно истражување и претставување на уметнички проекти и филозофски идеи**



Катерина Богоева

Куршумли ан, еден од маркантните објекти во Старата скопска чаршија кој минатата година за свој станар го доби Центарот за современи уметности, пролеттва отвори уште една своја врата и прозорец, откривајќи ги можностите, една од неколкуте негови одаи да функционира како впечатлива галерија. За да се погледне првата поставена изложба "Венчални чорапи", на Музејот на Македонија, чиј автор е етнологот Сања Димовска, треба да се искачат навистина високите и сеуште неадаптирани скалила за секој посетител, но и да се доживее глетката на дворот и на веќе постојниот Лапидаруим сместен во подножјето. Ваков опис на приодот во Галеријата е сеуште потребен, бидејќи неколку години наназад Старата скопска чаршија е место кое малку се посетува, а Куршумли - ан и покрај својата автентичност и споменична вредност, кај многумина предизвикува недоумици со местоположбата. Галеријата нуди ново чувство на впечатлив изложбен простор, на мала долга кутија оградена со безбедни стари ѕидови чија стаменитост и убавина можат да се преоткриваат со генерации и генерации. Установата "Центар за современи уметности" - Скопје, како што изјавува директорката Калина Буневска - Исаковска, во оваа прилика, со отворање на уште еден простор за презентација, ги продолжува своите настојувања да ги следи потребите на заедницата, на уметниците, низ обидите да одговори на нивните потреби.

"Центарот се определи, во истиот дух, за поттикнување на специфичните начини на уметничко делување како и за помагање на младите ликовни кадри, сметајќи дека така отвора нов фронт за развој на идеи во уметноста. Центарот за современи уметности ја имаше галеријата ЦИЦ во којашто оствари 40-тина изложби од коишто околу 10 беа на меѓународни уметници. Единственоста на галеријата не беше само во нејзиниот интимен простор, туку и во реализирањето на ликовните проекти. Со ваков тип на делување, Центарот во соработка со Музејот на Македонија, ќе продолжи и во Куршумли Ан. Куршумли Ан, е простор којшто веќе години наназад е користен за многубројни културни збиднувања, и може да претставува и место за ликовно истражување и да функционира како изложбен простор во кој ќе се реализираат започнатите процеси во вид на уметнички проекти или пак филозофски идеи".

И оваа година се предвидува Центарот да организира 8 самостојни изложби од млади и неафирмирани ликовни автори, кои треба да бидат реализирани во периодот од мај до декември, претходно селектирани од Одборот на ЦАЦ - Скопје. Проектите се финасиски покриени од ФИООМ. Планирано е во периодот од јуни до октомври во склоп на активностите на Галеријата, да се реализираат и други проекти коишто ќе бидат поставени во целиот простор на Анот. Така на пример, за јуни е најавена изложбата ДЕНЕС, на која ќе бидат претставени уметниците, избрани од страна на жирито - Оливер Мусовиќ, Христина Иваноска и Јане Чаловски, групата ОПА (Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа) и Љубомир Милошевски.

Во доменот на работата на Центарот за современи уметности е и материјалната и логистичка поддршка на ликовните проекти на младите уметници, со што им е овозможен настап на ликовната сцена и презентација пред домашната и меѓународната публика, како и учеството во иницијативата за ревитализација на Старата скопска чаршија.

комерцијална банка а.д. скопје www.kb.com.mk
Македонска берза
MaNGO ресурси Библиотека
инфо телефон: 02/ 3217 612 Сончев зрак
АЛКАЛОИД а.д.
посветен на луѓето од Југоисточна Европа. od 1999. g. do danas.
граѓански СВЕТ
МОЈОТ КРУГ МОБИМАК
КЛИКНЕТЕ ОВДЕ
абер www.aber.net.mk

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани